Република Македонија
Општина Новаци

Бр. Уп 09-6
29.08.2019 год.
Новаци

Врз основа на член 35 став 3 од Законот на просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) , член 96 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 7/19 ) и Измената и дополнувањето на програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2019 година со Одлука бр. 14-385/22 од 25.04.2019година од Советот на општина Новаци , Градоначалникот на Општина Новаци го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Локална урбанистичко планска документација (ЛУПД) со намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1 MW на КП 685/2 КО Новаци , Општина Новаци дека се организира

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА

**По ЛУПД со намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1 MW на КП 685/2 КО Новаци , Општина Новаци**

Опфатот има површина од **38521 м2**

Јавната анкета ќе трае од 02.09.2019 до 07.09.2019 година .

ЛУПД **со намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1 MW на КП 685/2 КО Новаци , Општина Новаци** ќе биде изложена на увид на граѓаните во просториите на општина Новаци секој работен ден од 08,00 до 15,00 часот и на интернет страницата на Општина Новаци www.opstinanovaci.gov.mk

Јавната презентација со стручно презентирање на ЛУПД ќе се одржи на ден 05.09.2019 во 12,00 часот во просториите на Општина Новаци.

Заинтересираните правни и физички лица можат да даваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се подигаат и доставуваат во архивата на Општина Новаци .

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на ЛУПД масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е наш заеднички интерес.

Општина Новаци
Градоначалник
Љубе Кузманоски